УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА-КУМАНОВО

# ДИМИТАР АВРАМОВСКИ ПАНДИЛОВ

23 - III - 10 - IV - 1984 год.

Димитар Аврамовски Пандилов, роден е 1898 година во галичкото село Тресонче. Потекнува од печалбарска фамилија кој уште како дете ќе го започне печалбарскиот живот талкајќи повеќе децении низ повеќе немирни балкански простори. Ќе работи и учи во Бугарија каде со големи напори и одрекнувања во 1924 ќе ја заврши АЛУ во Софија. Се враќа во Скопје и поради немање на служба се прифаќа за наставник по цртање во Ќуприја. Таму, покрај педагошката настава тој се бави со творештво и веќе 1926 ќе има и своја самостојна изложба, прва во Ќуприја а потоа и во Скопје, што се смета и како прва самостојна изложба на академски сликар во Македонија. Во 1928 оди во Франција, прво во Моонпелје а потоа во Париз, каде ја следи наставата на Академијата Гран Шомие. Таму ќе се запознае со делата на Француските импресионисти. Овој негов престој во Франција ќе има големо значење за натамошниот творечки развиток. По враќањето од Франција подолго време работи како ликовен педагог во Бугарија а од 1945 се до трагичната смрт во 1963 во Скопје.

Уште во неговите први постакадемски дела во III деценија работени во духот на класичниот реализам ги откриваме добро совладаните законитости во сликарскиот

занает. А во природните предели со мотиви од Македонија веќе се забележуваат и првите настојувања за ослободување од академизмот. Сликајќи во природата тој го еломинира цртежот и деталното исликување, и со широки потези на четката и дава предност на бојата.

На десетици платна во IV, V и VI деценија ќе наслика повеќе модифицирани варијанти на мотиви од селскиот живот и работните активности: Жетви, Вршидби, Ниви, Жетвари и сл. Во повоениот период ќе наслика повеќе мотиви од социјалистичката изградба на земјата како и повеќе мртви природи и цвеќиња.

Во македонското сликарство секако ќе останат како анталогиски дела неколку негови жетви, потоа трите варијанти на железничката станица во Скопје, како и десетина брилјантно изведени акварели, нанастани во еден здив, воздушести и импресивни, со што се јавува и како еден од основоположниците на македонскиот акварел.

Изложените дела се сопственост на МСУ — Скопје и Уметничката галерија — Скопје.

## СЛИКИ:

1. ПОРТРЕТ НА СТАРЕЦ — 1922 год.
2. ЦИГАНЧЕ — 1922 год.
3. ПОКРАЈ ВОДА — 1925 год.
4. АВТОПОРТРЕТ — 1926 год.
5. ТУРЦИ НА ПАЗАР — 1926 год.
6. НА ПАЗАР — 1926 год.
7. СКОПСКО КАЛЕ — 1926 год.
8. ПИТАЧКА — 1926 год.
9. ПРОДАВАЧ НА КАДАИФ — 1926 год.
10. НА ЧАС — 1927 год.
11. МОСТОТ НА РЕКАТА ДРИМ — 1927 год.
12. ЖЕТВАРКИ — 1935 год.
13. ВРШИДБА — 1936 год.
14. ТОВАРЕЊЕ НА СНОПОВИ — 1936 год.
15. ЖЕТВАРКИ — 1936 год.
16. ЖЕТВАРКИ — 1937 год.
17. БЕГАЛЦИ — 1945 год.
18. ТЕГЛАЧ ОД ШАМАЦ — САРАЈЕВО 1947 год.
19. СКОПСКА ГАРА — 1947 год.
20. ПЛАЖА НА ВАРДАР — 1948 год.
21. УЛИЦА ВО СТАРО СКОПЈЕ — 1949 год.
22. УЛИЦА ВО СТАРИОТ ОХРИД — 1950 год.
23. ВРШИДБА КРАЈ ОХРИДСКО ЕЗЕРО — 1951 г.
24. ПРЕНЕСУВАЧИ — 1961 год.
25. СОБИРАЊЕ НА СНОПЈЕ — 1952 год.
26. ИЗГРАДБА НА ФАБРИКАТА ЗА ЦЕМЕНТ — ЛИСИЧЕ СКОПСКО — 1952 год.
27. НА НИВА — 1952—1953 год.
28. СЛАДОК РУЧЕК — 1953 год.
29. ЦВЕКЕ — 1953 год.
30. ЖЕТВА — 1954 год.
31. КАЛИНКИ — 1958 год.
32. ВРАКАЊЕ ОД ПАЗАР — 1959 год.
33. ЖЕТВАРКИ — 1936 год.

## АКВАРЕЛИ:

34. ОРО ОД СКОПСКИТЕ СЕЛА — 1927 год.
35. АКТ — 1928 год.
36. ОРАЧ — 1948 год.
37. НА ПАТ ЗА СЕЛО ТРЕСОНЧЕ — 1948 год.
38. ЧЕПКАЊЕ НА ВОЛНА — 1949 год.
39. ВРШИДБА — 1962 год.

## ЦРТЕЖИ:

40. АМАЛИ — 1952 год.
41. ЦРТЕЖ — 1952 год.
42. БАЧИЛО — 1953 год.
43. ТОВАРЕЊЕ НА КОЛА — 1952 год.
44. ВОЛОВИ — 1952 год.